Врз основа на член 95 став 1, а во врска со член 187 став 1 од Законот за заштита на природата („Службен весник на РМ“ бр. 67/04), Владата на Република Македонија, на седницата одржана на 29.11.2005 година, донесе

**О Д Л У К А**
**ЗА ПРИФАТЛИВОСТА НА ПРЕДЛОГОТ ЗА ПОВТОРНО ПРОГЛАСУВАЊЕ НА ЛОКАЛИТЕТОТ МАРКОВИ КУЛИ ЗА СПОМЕНИК НА ПРИРОДАТА**

Член 1

Со оваа одлука се прифаќа предлогот за повторно прогласување на локалитетот Маркови Кули за заштитено подрачје во категоријата споменик на природата.

Член 2

При спроведувањето на заштитата на локалитетот Маркови Кули, како споменик на природата, да бидат земени во предвид одредбите од Законот за заштита на културното наследство и Конвенцијата за заштита на светското природно и културно наследство, во делот кој се однесува на културното наследство, застапено на локалитетот.

Член 3

Оваа одлука влегува во сила со денот на објавувањето во „Службен весник на Република Македонија“.

Бр. 19-4195/1
29 ноември 2005 година
Скопје

Заменик на претседателот
на Владата на Република
Македонија,
**Радмила Шекеринска**, с.р.